Д.П. 4/2019

ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Емине Мурати, Петар Аневски, Љубинка Башеска и Снежана Сарџовска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Т.Т. од Скопје, по одржаната расправа согласно член 28 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на ден 27.09.2019 год., го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставен до Нотарската комора на Република Македонија од страна на Министерство за правда, бр. 09-1817/9 од 14.05.2019 год., со кој е предложено нотарот Т.Т. од О.да биде огласена виновна дека сторила дисципинска повреда по член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што под ОДУ бр. _ од 8.08.2014 година, потврдила приватна исправа Анекс број 1 кон Договорот за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање помеѓу Република Македонија преку општина О., како отуѓувач, и Друштвото за производство, трговија и услуги Д.Г.Д. Скопје, преку полномошник Г.Р., како купувач, при што нотарот во солемнизацијата-потврдата не утврдила дали претходно е прибавена согласност од Државното правобранителство на Република Македонија и истата не е прилог кон изворникот на нотарската исправа, па на таков начин да постапила спротивно на член 76 став (1) од Законот за градежно земјиште и дополнување на Законот за градежно земјиште, член 81 од Законот за нотаријатот и член 45 став (2) од од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, како и преземање на други формални дејствија, **СЕ ОДБИВА** поради настапената застареност за поведувањето на дисциплинска постапка**.**

## **О б р а з л о ж е н и е**

Во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставен до Нотарската комора на Република Македонија од страна на Министерството за правда, бр. 09-1817/9 од 14.05.2019 год. се укажува дека именуванит нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторила дисциплинска повреда по член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на постапката нотарт во својата одбрана изнесена писмено со поднесокот од 5.06.2019 год. и усно на расправата, наведе дека наводите од Предлогот се неосновани. Постапката за составување на нотарскиот акт ОДУ бр.452/14 од 8.08.2014 год. е спроведена во согласност со Законот за нотаријатот. Наведе дека настапила застареност на водење на дисциплинска постапка согласном со член 143 став (1) од Законот за нотаријатот.

За доказ достави фотокопија на списи на предметот ОДУ бр. 452/14;

Врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот, како и врз основа на извршениот увид во списите на предметот ОДУ бр. 452/14 од 8.08.2014 год., Дисциплинскиот совет наоѓа дека Предлогот за поведување на дисциплинска постапка доставен до Нотарската комора на Република Северна Македонија од страна на Министерство за правда, бр. 09-1817/9 од 14.05.2019 год., со кој е предложено нотарот да биде огласена виновна дека сторила дисципинска повреда по член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што под ОДУ бр. 452/14 од 8.08.2014 година, потврдила приватна исправа Анекс број 1 кон Договорот за отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање помеѓу Република Македонија преку Општина Охрид, како отуѓувач, и Друштвото за производство, трговија и услуги Д.Г.Д. Скопје, преку полномошник Г.Р., како купувач, при што нотарот во солемнизацијата-потврдата не утврдила дали претходно е прибавена согласност од Државното правобранителство на Република Македонија и истата не е прилог кон изворникот на нотарската исправа, па на таков начин да постапила спротивно на член 76 став (1) од Законот за градежно земјиште и дополнување на Законот за градежно земјиште, член 81 од Законот за нотаријатот и член 45 став (2) од од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, како и преземање на други формални дејствија, се одбива поради настапената застареност за поведувањето на дисциплинската постапка**.**

Имено, според член 143 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16), поведувањето на дисциплинска постапка застарува во рок од три години од денот на сторувањето на повредата, а според став (3) застареноста на поведувањето настапува во секој случај кога ќе изминат шест години од сторувањето. Во конкретниот случај, како ден на евентуално сторување на дисциплинската повреда опишана во диспозитивот на решението, треба да се смета 8.08.2014 год. кога е составен нотарскиот акт ОДУ бр. _, а тоа значи дека е изминат законскиот рок од три години од цитираниот член 143 став (1) од Законот за нотаријатот, во кој можела да биде поведена дисципинската постапка против именуваниот нотар, ако се има предвид дека Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 09-1817/9 до Нотарската комора е доставен на ден 22.05.2019 год.

Поради наведеното е одлучено како во изреката согласно член 33 став (1) точка 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка.

**Претседател на советот,**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА:
Против решението дозволена е жалба до Второстепената дисциплинска комисија, во рок од 8 дена по приемот;

ДН: Нотарот;
Архивата;
По конечноста на решението до Министрество за правда;